


**26.08.2021-Четврток**

## ПРОТОКОЛ



**<u>На 30 август, 65 седница на Совет на Општина Гевгелија</u>**

Советот на Општина Гевгелија, на 30 август, 2021 година (понеделник), ќе ја одржи својата 65 седница. Седницата на Советот ќе се одржи  во Големата сала на Советот на Општина Гевгелија, со почеток во 11:00 часот, со почитување на протоколите за заштита и спречување на ширењето на Корона вирусот. На седницата, членовите на Советот ќе работат по следниот дневен ред:

1. Предлог-Одлука за приоритет на проект за ревитализација на дел од улица „Методија Андонов-Ченто“ во населено место Мрзенци - општина Гевгелија,
2. Предлог-Заклучок за усвојување на Предлог-Елаборатот за процена на штета од природна непогода - голомразица што ги зафати населените места: Гевгелија, Негорци, Миравци, Прдејци, Милетково и Богородица од 08-10.04.2021 година,
3. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија,
4. Предлог-Решение за измена на Решението за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија,
5. Предлог-Решение за именување член во Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување кучиња „АСТРА ЛУНА“- Струмица,
6. Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Гевгелија за 2022 година,
7. Предлог-Одлука за давање на користење на Проценат на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Гевгелија за потребите на СВР- Струмица и Регионалниот центар за гранични работи - Југ Кавадарци,



8. Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
9. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за учебната 2020/2021 година,
10. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
11. Предлог-Решение за давање мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
12. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за учебната 2020/2021 година,
13. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
14. Предлог-Решение за давање мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
15. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2020/2021 година,
16. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2021/2022 година,
17. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООУ „Климент Охридски“- Миравци за учебната 2020/2021 година,
18. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Климент Охридски“- Миравци за учебната 2021/2022 година,
19. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија за учебната 2020/2021 година,

20. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
21. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2022 година,
22. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија за 2022 година,
23. Предлог-Решение за усвојување на Извештајот за работата на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за учебната 2020/2021 година,
24. Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за учебната 2021/2022 година,
25. Предлог-Решение за давање согласност на работното време во ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија,
26. Предлог-Решение за давање согласност за зголемување на бројот на деца во групите на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2021/2022 година,
27. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за 2020 година,
28. Предлог-Решение за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за периодот од 01.01.2021 - 30.06.2021 година, со посебен осврт на периодот од 01.04.2021-30.06.2021 година,
29. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за 2022 година,
30. Предлог-Одлука за утврдување потреба од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување - Мрзенци,
31. Предлог-Одлука за утврдување потреба од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување - Моин.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**26.08.2021-Четврток**

## ИНФОРМАЦИИ




### Утре (27 август), тестирање за дополнително пријавените кандидати за реонски попишувачи

Утре, (петок, 27 август, 2021 година), ќе се одржи тестирање на кандидатите за реонски попишувачи кои дополнително се пријавија на Конкурстот за попишувачи кој заврши синоќа на полноќ.

Иако за подрачјето на Пописниот реон 11 (општините Гевгелија и Дојран) со Одлука на директорот на Државниот завод за статистика (ДСЗ) има избрано 9 реонски инструктори и 57 реонски попишувачи, заради недостигот на попишувачи, конкурсниот рок беше продолжен до синоќа на полноќ. На дополнителниот Конкурс се пријавиле нови- 31 кандидат за попишувач и за нив, како и дваесетина кандидати кои не беа во можност да се јават на тестирање на 20 август, Комисијата на Пописниот реон 11 организира тестирање утре, 27 август. Тестирањето ќе се одржи во СОУ „Јосиф Јосифивски“- Гевгелија, со почеток во 10:00 часот.

Список на кандидати за реонски попишувачи планирани за тестирањето утре, 27 август е објавен на официјалната веб-страна на Општина Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**26.08.2021-Четврток**



## Заврши спортскиот настан во Гевгелија- Прелиминарната рунда во футсал ЛШ

Со последниот одигран натпревар и борбата за првото место помеѓу екипите на „КМФ Проект“ од РСМ и „Луксол ст“ од Малта, заврши тридневниот спортски настан кој се одржуваше во Гевгелија, во спортската сала „26 Април“- Гевгелија.

Екипата на „КФМ Проект“ не успеа да ја мине првата елиминациска фаза во Лигата на шампионите во футсал. Македонскиот претставник во последното коло на квалификацискиот турнир за ЛШ во Гевгелија, загуби со 5:0 од екипата на „Луксол“ од Малта, која со три победи го освои првото место во групата обезбедувајќи пласман во следната рунда натпревари.

„КФМ Проект“ турнирот го заврши со две победи, но не успеа да се избори за место во следната рунда ниту како најдобра второопласирана екипа од првата фаза. „КФМ Проект“ во групата успеа да ги совлада израелски „Делфин Асдод“ со 6:0, а потоа триумфираше и против „Цефн Д“ со 8:1.




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk